Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел дневните настани 30.10.2021

На 29.10.2021 во 19,00 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода А.Н.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.10.2021 во 00,40 часот полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Кисела Вода го лишиле од слобода Ј.П.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.10.2021 во 00,30 часот полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода Д.Д.(25) од Неготино затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2021 во 22,35 часот на магистралниот пат Кичево-Охрид, од полициски службеници од ОВР-Кичево бил лишен од слобода Д.П.(23) од Кичево кој бил со патничко моторно возило „киа пиканто" со охридски регистарски ознаки, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.10.2021 во 09,25 часот било пријавено дека во Кочани, на крстосница со кружен тек од ул.„Т.Паунов" и ул.„Македонска", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „тојота" со кочански регистарски ознаки управувано од Ј.М.(53) од Кочани и мопед „хонда" со штипски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Кочани. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот констатирани во ЈЗУ-Кочани. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на Полициската станица Кочани.

На 29.10.2021 во 19,30 часот било пријавено дека на ул.„6" во с.Стајковци–скопско, патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки управувано од Џ.И.(47) од с.Батинци удрило во велосипед управуван од Д.К.(71) од с.Стајковци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.10.2021 во 13,30 часот било пријавено дека во Струмица на ул."24-ти Октомври" патничко моторно возило "џип" со струмички регистарски ознаки, управувано од Б.М.(29) од Струмица удрило во пешакот Л.М.(70) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.М. констатирани во Медицинскиот центар во Струмица. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Струмица.

На 29.10.2021 во 14,00 часот во Полициската станица Бит Пазар Е.К.(30) од Скопје пријавил дека на ул."Ферид Мурати" бил каснат од куче скитник.

На 29.10.2021 во 22,00 часот на наплатна рампа Смоквица од страна на полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица бил лишен од слобода Б.Б.(50) од Куманово, затоа што при контрола на патничко моторно возило "пежо 206" со кумановски регистарски ознаки биле пронајдени четири лица-мигранти од Куба. Тие биле пренесени во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг" во Гевгелија за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот против Б.Б. ќе биде поднесена соодветен поднесок.

На 30.10.2021 во 08,00 часот во СВР Куманово И.С.(59) од Куманово пријавил дека во с.Габреш на место викано Островица, пукајќи во лов го застрелал Ч.Р.(67) од с.Лопате. Од страна на лекар од Итната медицинска помош констатирана било смрт. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот ќе биде предадено за обдукција.

Полициски службеници од СВР Скопје вчера (29.10.2021) го лишиле од слобода М.М.(19) поради основано сомнение за сторено кривично дело кражба на 13.10.2021 на ул. Костурски херои врз Д.Д. (43). Извршен е службен разговор и против М.М. ќе биде поднесена кривична пријава за сторено кривично дело по чл. 235 од КЗ, а украденото ќе биде вратено на сопственикот.

На 29.10.2021 во 22,30 часот во Велес полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.Д.(20) од Велес, кој бил затекнат при вршење на кривично дело кражба во куќа на ул."Ѓ.Органџиев", а потоа и физички нападнал полициски службеници. По целосното документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.10.2021 во 20,30 часот во Полициската станица Прилеп Б.Т.(21) од с.Кадино село пријавил дека истиот ден околу 16,30 часот на ул."Александар Македонски" бил физички нападнат од едно лице. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.10.2021 година околу 13,00 часот, во ОВР Струга од Итната медицинска помош, пријавено е дека примиле повик за повредено лице на нива во месноста „Градарица", атар на струшкото село Мислешево и дека по излегување на местото, медицинската екипа констатирала смрт. Од извршениот увид предводен од јавен обвинител, констатирано е дека се работи за Б.М.(46) од селото Мислешево кој, починал при управување трактор.

На 29.10.2021 година околу 19,00 часот, при преглед извршен врз И.Ј.(27) од Кичево, пронајдени и одземени се две кеси со марихуана. Тој е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.10.2021 во 21,40 часот во Полициската станица Аеродром биле лишени од слобода Д.А.(18) од Скопје и Х.Д.(18) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојништво". Од нив биле одземени скутер "гилера" со скопски регистарски ознаки и други предмети кои потекнуваат од кривично дело. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.10.2021 во 18,00 часот Ѓ.Б.(47) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 08,15 часот во основно училиште на подрачјето на Бит Пазар нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друг ученик. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.10.2021 во 15,30 часот М.К.(61) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од малолетник од с.Баница-струмичко. Во присуство на родител бил извршен разговор со малолетникот и сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 29.10.2021 во 17,00 часот М.М.(25) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од А.К.(28) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 29.10.2021 во 23,00 часот било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Б.А.(25) и И.А.(34) двајцата од Скопје. Сочинети биле записници по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 29.10.2021 во 17,40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров О.К.(44) од Скопје пријавил дека на ул."Ѓорче Петров" бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2021 во 01,20 часот М.Т.(44) од с.Василево пријавил дека на 29.10.2021 околу 23,30 часот, додека неговиот син лепел плакати од политичка партија во непосредна близина на домот на културата во с.Василево, дошол К.Ц.(18) и почнал да лепи плакати врз плакатите од друга политичка партија. Потоа К.Ц. почнал да го прска со спреј малолетникот, по што физички го нападнал и му се заканил со остар предмет. Пријавениот бил лишен од слобода и со него бил извршен разговор. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.10.2021 во 14,45 часот во СВР Тетово С.Р.(41) од Тетово пријавила дека истиот ден околу 07,00 часот на ул."113" нејзината ќерка се здобила со повреди откако ја нападнале кучиња скитници.

На 29.10.2021 во 15,00 часот пријавено е дека во с.Равен поточно во објектот на ЕСМ ХЕЦ подружница Равен С.Н.(41) од Гостивар се здобил со повреди додека извршувал работни активности.

На 29.10.2021 во 20,56 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар во аптека едно лице со закана од вработена одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет